**Општина Крушево**
**Одделение за внатрешна ревизија**

**Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија во 2024 година**

**Реализација на Годишен план за внатрешна ревзија** ●

**Вид на извршени ревизии:**

1. Системски ревизии
2. Финансиски ревизии
3. Ревизија на усогласеност

**Предмет на ревизии**

- Ревизија на процес на управување со ризици во општина Крушево
- Ревизија на внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) процес на пресметка на плата и јавни набавки во СОУ „Наум Наумовски во 2023 год.
- Ревизија на внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (приходи и расходи) и јавни набавки во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ во 2023 год.
- Ревизија на внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (приходи и расходи) и процес на пресметка на плата во дом на култура „Наум Наумовски-Борче“ во 2023 год.
- Ревизија на внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во ООУ „Никола Карев“ во 2023 год.
- Ревизија на внатрешни контроли и јавни набавки во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ во 2023 год.

**Цели на ревизија**

- Дали финансиските извештаи во ревидираните субјекти се ослободени од финансисии погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информаците во истите се во согласност законската регулатива
- да се добие уверување дека е воспоставен систем на внатрешна контрола
- дали постапките на јавни набавки се согласно законска регулатива
- добивање разумно уверување дека материјално-финансиското работење во ревидираните субјекти е согласно законската регулатива и прописите, воспоставен е и функционира систем на внатрешна контрола во работењето, а финансиската документација е точна, веродостојна, релевантна и ослободена од математички погрешни прикажувања

**Клучни утврдени состојби:**

- Во СОУ „Наум Наумовски-Борче“ и ООУ „Св.Кирил и Методиј“ не е воспоставен, дијзаниран и имплементиран систем на внатрешна контрола што претставува систем на финансиски и други контроли вклучувајќи ги и организациона структура, методи, процедури на работење воспоставени и имплементирани од раководителот на субјектот во согласност со поставените цели за да овозможат спроведување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
- Во општина Крушево не се изготвени програми за работа во секое одделение со тоа не се утврдени детално ризици во врска со некои организациски цели на стратешко и оперативно ниво од страна на сите организациони одделенија.
- Во општина Крушево исходот од анализата на ризици недовлолно во сите одделенија се користи како придонес во процесот на донесување одлуки од раководството со цел да се постигне целта во работењето.
- Информациите во плановите за ублажувањето на ризикот нецелосно соодветно се проследени до раководни лица во рамките на институцијата Градоначалник, секретар и раководиели на одделенија.
- Спроведувањето на мерките за ублажување на ризикот дефинирани во Процедурата за управување со ризици и Стратегијата за управување со ризици не се применуваат целосно во пракса во тековното работење. Во општина Крушево не се подготвува посебен Годишен извештај. Известувањето се спроведува во рамки на подготовката на Годишниот финансиски извештај.
- Во основните и средно училиште нема назначено лице за следење реализација на склучени договори за јавни набавки кое ќе ја следи реализацијата на склучениот договорот со економски оператор според спровдена постапка за јавна набавка и со тоа почитување на договорот според вредност, планирани ставки на набавка и планирана количина на набавка.
- Во ООУ „Никола Карев“ процесот на попис не е комплетно и правилно спроведен според Законот за смедководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисниции.
- Доставени и исплатени се фактури по основ користење на репрезентација но во прилог на фактурата нема наведено список на лица кои користеле услуга со што не може да се утврди по кој повод се користела услугата и од кои лица.
- Доставени и исплатенаи се фактури по основ на користење услуга на првоз. Во прилог на дел од фактурите нема наведена релација на превоз, список на лица кои се превезувале, испратница доколку се превезувале материјали, киломтери на релацијата со што неможе да се утврди лица кои се превезувале, што материјали се превезувале, причина за превоз и реалната цена по километар на пазарот.

**Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешна контрола**

- Во субјектот да се превземат активности за воспоставување, дијзанирање, имплементирање и одржување систем на внатрешна контрола
- Во општина Крушево да се преземат активности да се изготват програми за работа во секое одделение со тоа ќе се утврдат детално ризици во врска со сите организациски цели на стратешко и оперативно ниво од страна на сите организациони одделенија.
- Да се преземат активности во процесот на управуање со ризици резултатот од анализа на ризиците да се применува како придонес во процесот на работа од сите ризици во сите одделенија целосно и комплетно со цел да се постигне поголема ефикасност, ефективност во работење на општина Крушево
- Да се превземат активности информациите во плановите за ублажувањето на ризикот целосно соодветно да се проследени до раководни лица во рамките на институцијата Градоначалник, секретар и раководиели на одделенија, да се одржуваат редовни координативни состаноци со цел информациите во плановите за ублажувањето на ризикот целосно соодветно да се проследени со цел да се постигне целта воработењето.
- Во општина Крушево да се преземат активности од страна на координаторот за управување со ризици и координаторите за управување со ризици да се изготви посебен Годишен извештај во процесот на управување со ризици
- Во субјектот да се превземат активности за воспоставување, дијзанирање, имплементирање и одржување систем на внатрешна контрола во процесот на следење на реализација на склучени договори од спроведени постапки на јавни набавки односно да се овласти лице за следење реализација на склучени договори за јавни набавки
- Во институвцијата да се превземат активности од страна на одговорното лице, сметководител и членови на комисијата за попис процесот на попис да се спроведе комплетно и правилно според Законот за смедководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисниции.
- Во прилог на доставени финансиски документи фактури по основ користење репрезенатација да се примаат фактури во кои има приложено список на лица кои користеле улуга со што ќе се утврди по кој повод се користела услугата и од кои лица.
- Во прилог на доставени фактури по основ на услуга превоз да се примаат и исплаќаат фактури во кои ќе има во опис наведено релација на превоз, список на лица кои се превезувале, испратница доколку се превезувале материјали, километри на релацијата со што ќе може да се утврди лица кои се превезувале, што материјали се превезувале, причина за превоз и реалната цена по километар на пазарот.